# ОБРАЗОВАНИЕ И СЕЌАВАЊЕ

Зборник на трудови од Четвртиот и Петтиот
Светиклиментов научен собир
(2020 и 2021)

Скопје 2023

ОБРАЗОВАНИЕ И СЕЌАВАЊЕ
Зборник на трудови од Четвртиот и Петтиот Светиклиментов научен собир (2020 и 2021)

*Издавач:*
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

*Главен уредник:*
Ѓоко Ѓорѓевски

*Технички уредник:*
Милан Ѓорѓевиќ, ереј

*Лектура и компјутерска подготовка:*
Зорица Велкова

*Дизајн на корица:*
игумен Агатон Апостоловски

*Печат:*
Контура – Скопје

*Тираж:*
100 примероци

## СОДРЖИНА

ВОВЕДНИ ЗБОРОВИ ........................................................................................ 5

**ОБРАЗОВАНИЕ И ЗАЕДНИЧАРЕЊЕ**

Ѓоко ЃОРЃЕВСКИ
ВОСПИТУВАЊЕТО ВО БИБЛИЈАТА
И БИБЛИЈАТА КАКО ВОСПИТУВАЧ ........................................ 11

Дарко АНЕВ
НОВОЗАВЕТНОТО ПОИМАЊЕ НА Παιδεία/Παιδεύω
КАКО ВРЕДНОСТ НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНОТО
ЗАЕДНИЧАРЕЊЕ ....................................................................... 27

Анета ЈОВКОВСКА
ВОСПИТУВАЊЕ НА ВОЛЈАТА ОД АСПЕКТ НА ПЕДАГОГИЈАТА,
ПСИХОЛОГИЈАТА И ХРИСТИЈАНСКАТА АНТРОПОЛОГИЈА ...... 47

Ана Ѓорѓевиќ
ПСИХОЛОШКАТА ОТПОРНОСТ И ОБРАЗОВАНИЕТО
ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ................................................. 65

Стефан ГОГОВСКИ
ТЕОЛОГИЈА, ОБРАЗОВАНИЕ, СОВРЕМЕНОСТ.
АНТРОПОЛОШКО-ЕКЛИСИОЛОШКИ ЕЛЕМЕНТИ
НА ОБРАЗОВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ПРОЦЕС. ............................ 71

Илче МИЦЕВСКИ-ИГНАТ
ЧОВЕКОТ И НЕГОВАТА ЗАЕДНИЦА СО БОГ СВЕТА ТРОИЦА
СПОРЕД ТЕОЛОШКОТО МИСЛЕЊЕ НА ОТЕЦ ДУМИТРУ
СТАНИЛОЕ ................................................................................ 87

УДК: 2-184-12
168

Илче МИЦЕВСКИ-ИГНАТ

# ЧОВЕКОТ И НЕГОВАТА ЗАЕДНИЦА СО БОГ СВЕТА ТРОИЦА СПОРЕД ТЕОЛОШКОТО МИСЛЕЊЕ НА ОТЕЦ ДУМИТРУ СТАНИЛОЕ

**Апстракт**

Неспорно е тоа дека човекот е суштество кое општи со другите луѓе живеејќи во една средина во која човекот создава заедница. Човекот не е способен да општи само со луѓето, туку може да општи и да реализира една заедница и со Бог. Тоа е и целта на овој текст, да видиме како се реализира заедницата на човекот со Бог Света Троица во теолошкото мислење на романскиот теолог отец Думитру Станилое. Човекот и Бог Света Троица имаат специјален однос, кој има одредени карактеристики кои не се совпаѓаат со оние специфични на заедницата помеѓу луѓето. Заедницата на човекот со Бог има почетоци уште во создавањето на човекот од страна на Бога, заедница која продолжува низ историјата преку Божјата промисла за човекот. Заедницата станува целосна со воплотувањето на Божјиот Син, преку Кого човековата природа го достигнува нејзиниот највисок врв, односно станува дел од ипостасот на Синот. Заедницата на човекот со Бога се реализира преку личниот однос и слободниот избор да се биде во заедница со Бога. Света Троица преку нејзината промисла и благодат се грижи човекот да биде во спасоносна задница со Бог во Црквата, каде што човекот се причестува со Божјата благодат.

*Клучни зборови*: Бог, човек, заедница, Света Троица, Црква, однос, лик и подобие, синовски однос, благодат.

Заедницата е една од карактеристиките на човековиот живот. Таа го дефинира човекот во односите со другите луѓе. Заедницата е онтолошка потреба на човекот, бидејќи беше создаден за заедница со Бога и со другите луѓе. Општењето на човекот има важна улога не само во неговиот однос со другите луѓе, туку и во неговиот однос со Бог. Во христијанското учење на Црквата, заедницата на човекот со Бога и со ближните е од суштинско значење за неговото спасение и вечниот живот во Божјото царство. Ако човекот одбие да живее во заедница со Бога или со луѓето, тогаш ќе остане сам и несреќен не само во земниот живот, туку и во идниот живот. Во редовите кои следуваат, ќе видиме како отец Думитру Станилое гледа на заедницата на човекот со Бога и како се реализира таа заедница.

Како што споменавме погоре, заедницата и способноста за неа се онтолошки. Потребата на човекот да заедничари со другите луѓе, а особено со Бога, е сосема нормална и прородна за него. Коренот на способноста за заедница со Бога и со луѓето треба да се побара во чинот на создавањето на човекот од страна на Бога. Односно, Бог го создава човекот според Неговиот лик и подобие (1. Мој. 1, 26), давајќи му ја и способноста да се стреми најпрво кон заедницата со Бога, а потоа и кон заедница со останатите луѓе. Целото создание кое човекот го гледа пред себе е показател на мудроста и семоќта Божја. А грижата која Бог му ја доверува на човекот за созданието (1. Мој. 2, 15, 19-20), покажува дека човекот го носи Божјиот лик во себе и преку созданието Го познава Бога и соработува со Него. Тој начин на лична заедница на човекот со Бога, отец Думитру Станилое го опишува со следните зборови: „Во оваа способност на човековото битие да одговори со своите дела на Божјите дела и да се соединува со нив во една тесна соработка со Него, реализирајќи го и развивајќи го односот со Бог преку светот, се покажува човековото битие како битие «според ликот Божји». Во свесното и доброволно прифаќање да ја исполни оваа улога и да си го усоврши ова својство, човековото битие напредува во «подобието» со Бога. Тоа е «според ликот Божји» преку фундаменталната способност да биде во активен дијалошки однос со Бога, преку светот, како личност со личност“.[1] Во Божјиот лик се наоѓа способноста за заедница со Бога и за личносен однос со Него. Човекот се наоѓа во еден однос и дијалог со Бога „како личност со личност“ бидејќи Бог Света Троица е заедница од Лица. Кога Бог му се обраќа на човекот, му се обраќа на личност која го носи во себе Неговиот лик и е способен да одговори.

Кога човекот му се обраќа на Бога, дава одговор на Божјото обраќање, стремејќи се преку заедницата која се реализира да го достигне по- добието со Бог. Затоа отец Думитру Станилое вели дека човекот е во „активен дијалошки однос со Бога." „Значи нашето битие се покажува и се одржува како лик Божји преку жив однос, а тој однос е можен би- дејќи Бог го создаде човекот од почетокот сроден со Себе и значи спо- собен за однос со Себе. Подобро речено, уште на почетокот го стави во свесен и слободен однос со Себе, преку вдахновувањето на живата душа (види 1. Кор. 15, 45)."[2] Заедницата помеѓу Бог и човекот е секогаш еден жив личносен и непосреден однос. Можноста за реален однос и заедница е дадена од Самиот Бог во моментот кога го создал човекот. Односот кој се реализира помеѓу човекот и Бог не е нешто кое доаѓа однадвор, туку се реализира во внатрешноста на човекот. Нашата душа има сродност со Бога, како што вели отец Думитру Станилое, сродни сме со Бог преку Неговиот лик во нас. „Нашето битие е сродно со Бога преку примениот дух, но го прима духот бидејќи е способно за него, бидејќи е способно за свесен однос со Бога"[3]. Човекот не би можел да има еден жив однос со Бог ако не постои оваа сродност за која зборува отец Думитру Станилое. Само преку таа сродност на човекот со Бога, преку ликот Божји во него, може да се реализира една заедница во која активни се и двете страни, Бог и човекот.[4] Човекот е единственото соз- дание кое е свесно за неговата способност да изгради личносен однос со Бога и со луѓето.

Кога велиме дека човекот е создаден по ликот и подобието Божјо, не мислиме дека е лик само на едно од Лицата на Света Троица, туку е лик на целата Света Троица: Отецот, Синот и Светиот Дух. Ликот на сите три Лица на Светата Троица се наоѓа во човекот, а бидејќи Бог Света Троица има една суштина, тогаш човекот има еден Божји лик (1. Јн. 5, 7), не три. „Според тоа човекот е «ликот» на Словото и како таков «според ликот» на Отецот. Доколку е ликот на Словото и по ликот на Отецот, тој е ставен во еден однос со троичната заедница и е повикан да реализира во човековиот план еден живот во заедница сличен на троичната заедница и од нејзината сила."[5] Ликот Божји е еден бидејќи Лицата на Света Троица, како што споменавме погоре, имаат една и

[2] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, București 2010, 407.

[3] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 408.

[4] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 407.

[5] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 426.

иста суштина. Затоа, ако кажеме дека човекот е лик на Синот нема да згрешиме или дека е лик на Отецот. Самиот Спасител и Бог Исус Христос ни сведочи дека Тој и Отецот се едно (Јн. 10, 30, 38). Имајќи го Божјиот лик во себе, човекот е способен да изгради една заедница слична на троичната. Таа заедница не се однесува само на човекот и на Бога, туку и на меѓусебната заедница на луѓето. Самиот Бог станува пример за љубов и живеење кон кои треба да се стреми човекот во неговиот живот. Напредувањето во тој однос е поддржано од страна на Светиот Дух, Кој го комплетира Божјиот лик во човекот. „Лик на Синот сме преку нашиот синовски однос кон Отецот, а лик на Духот преку нашиот однос кон Христос, како Син на Отецот, однос кој тој самиот е духовно движење за моделирање според Синот, движење поддражно во нас од Духот".[6] Светиот Дух ја дава потребната благодат за реализирање на заедницата помеѓу човекот и Бог. Сопствените сили на човекот не се доволни за тој да реализира заедница и жив личносен однос со Бога. Потребна е помош и сила од Бога за реализирање на заедницата со Него и за уподобувањето со Него. Усовршувањето и обожувањето на човекот се можни затоа што Светиот Дух дејствува во човекот и го усовршува уподобувањето со Бог. Се разбира, тоа не го прави на сила и без слободната волја на човекот да го прифати тоа. „Само Создателот, имено, Создателот во неговото својство на постоење во заедница, може да ги вознесе созданијата кај Себе како свесни постоења, користејќи се и од нивната волја, во живот на однос со Него и во Него, или во заедницата со Него и меѓу нив."[7] Бог ја има сета љубов да го воведе човекот во заедница со Него и за тоа го создал човекот, но ако човекот не сака да биде во заедница со Бога, тогаш Бог го почитува неговиот избор. Човекот не само што има способност да биде во заедница со Бог, туку ја има и слободата да се откаже од односот со Бога. Заедницата со Бога не може да се реализира ако човекот не е во добар однос со своите ближни и обратно (1. Јн. 4, 7, 11, 20).

Директниот и непосреден однос со Бога ни го овозможува воплотениот Божји Син, Исус Христос. Тој како Бог станува човек во сѐ, освен во гревот (1. Птр. 2, 22; 2. Кор. 5, 21), на тој начин е во директна комуникација и заедница со човекот. Како Божји Син и Бог нѐ става во директен однос не само со Себе, туку и со Отецот и Светиот Дух би-

[6] D. Stăniloae, "Criteriile prezenței Sfîntului Duh", *Studii Teologice* 19 (3-4/1967), 109.

[7] D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos,* Sibiu 1991, 81.

дејќи има иста суштина со нив. „Преку Своето воплотување како човек Христос ни ја направи пристапна заедницата со Себе како Бог во највисока човекова форма, подобро речено со целата Света Троица.“[8] Непосредната заедница која Господ Исус Христос ни ја прави пристапна е реализирана најпрво во Него самиот, преку соединувањето на двете природи (божествената и човековата) во Неговиот Божји ипостас. Затоа, формата во која таа заедница се реализира е „највисока човекова форма“, како што отец Думитру Станилое ја нарекува. Нема повисоко учество на човековата природа во Бога освен онаа соединета со божествената природа во Личноста на Исус Христос. „Соединувањето преку односот на Бога со нас луѓето во Христос е еден однос преку заедницата на човековата природа, но и преку едно комуницирање помеѓу божествената и човековата природа соединети во Него. Тој Е директен однос кој се создава на овој начин меѓу Бог Словото и нас луѓето.“[9] Односот и личносната заедница на човекот со Бога се реализира преку двете природи на Господ Исус Христос. Преку Христос ја имаме можноста да стапиме во личносен однос и заедница со Бог. Тоа може да се реализира преку соединувањето на човекот со Христос, човекот да стане едно со Христос или кога Христос ќе заживее во човекот (Јн. 14, 23; Гал. 2, 20). Само преку Христос и во Христос се реализира заедницата на човекот со Бога.[10] Заедницата со Христос е целта на човекот, а преку Христос и со Бога. „Значи може да се каже дека целта на православната христијанска духовност е соединувањето на верниот човек со Бога, во Христос“[11], пишува отец Думитру Станилое. Соединувањето со Бога е единствениот начин, потврден од светите отци од нивното лично искуство, за непосредна и вистинска заедница со Бог. Тоа соединување задолжително поминува преку Христос и се реализира во Христос. Соединувањето со Бога е остварливо само низ сопствен подвиг и лично духовно искуство. „Највисоката состојба на духовни-

---

[8] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. II, București 2010, 31.

[9] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. II, 47.

[10] „Целта на воплотувањето на Божјиот Син не беше само лекувањето на паднатата, егоцентричната и обезличената човекова природа, туку доведување на луѓето во заедницата и љубовта на Света Троица“, C. Berger, *Teognosia – sinteza dogmatică și duhovnicească a părintelui Dumitru Stăniloae*, traducere Nectarie (Dărăban), Sibiu 2014, 108.

[11] D. Stăniloae, "Desăvîrșirea noastră în Hristos după învățătura Bisericii Ortodoxe (I)", *Mitropolia Olteniei* 32 (1-2/1980), 76.

от живот е едно доживеано или искусено соединување на душата со Бога."[12] Оние кои го достигнале соединувањето со Бога, познато во аскетската литература како просветлување и обожување, велат дека тоа е највисоката духовна состојба која човекот може да ја доживее за време на земниот живот.[13] А тоа значи дека дошле до посакуваната заедница и соединување со Бога, заедница која целосно се исполнува во вечниот живот.[14] Човекот ги вкусува во тој момент радоста, убавината и неискажливоста на вечниот живот во вечна заедница со Бог Света Троица.

Се разбира, реализирањето на заедницата со Бога бара одреден напор (аскеза) и духовен живот од страна на човекот. Колку повеќе човекот станува почист од гревовите и страстите, толку повеќе благодатта на Светиот Дух во него станува посилна и дејствителна. Бог го возљуби светот (Јн. 3, 16) и човекот (1. Јн. 4, 9-11) и Неговата љубов постојано се манифестира во животот на луѓето кои се на патот кон спасението.[15] Благодатта која Светиот Дух ја дава на човекот кој се усовршува е израз на Божјата љубов. Божјиот Син вети дека ќе Го испрати Утешителот (Јн. 14, 16-17) кој ќе остане со нас довека и Неговото ветување се исполни. „Преку воплотениот Син во човештвото и во светот свети Светиот Дух како љубов на Бога кон нас и наша кон Бога."[16] Светиот Дух е сведокот на Божјата љубов кон нас и на нашата љубов кон Бога. Односот на човекот кон Бога е однос заснован на љубов, без љубов не е можно да се изгради заедница со Бог, бидејќи *Бог е љубов* (1.

---

[12] D. Stăniloae, "Desăvîrșirea noastră în Hristos după învățătura Bisericii Ortodoxe (I)", 77.

[13] „Ова соединување се случува тогаш кога човекот достигнал до «подобието со Бога» и тоа е истовремено познавање и љубов", D. Stăniloae, "Desăvîrșirea noastră în Hristos după învățătura Bisericii Ortodoxe (I)", 77.

[14] „Заедницата и љубовта на Света Троица е искусена егзистенцијално од страна на верниците, во мера во која тие дозволуваат да бидат поканети да влезат во нејзиниот хоризонт од светлина и дејство", I. Tulcan, "Coordonate eclesiologice fundamentale în gândirea Părintelui Stăniloae", *Anuarul Facultății de Teologie Ortodoxă „Patriarhul Justinian"* 4 (2004), 186.

[15] „Сакаме и постојано се молиме да сакаме повеќе. Љубовта е еден пат кон совршенството. И оној кој не се усовршува преку љубовта која се издигнува секогаш нагоре и не придонесува преку неа за напредување на заедницата, си го става спасението во опасност", D. Stăniloae, "Comunitate prin iubire", *Ortodoxia* 15 (1/1963), 53.

[16] D. Stăniloae,"Desăvîrșirea noastră în Hristos după învățătura Bisericii Ortodoxe (I)", 100.

Јн. 4, 8). Љубовта му дава смисла на човековиот живот, без неа животот станува бесмислен[17] (види 1. Кор. 13, 1-8, 13). Божјата љубов кон човекот се манифестира со воплотувањето на Божјиот Син за спасение на светот (Јн. 3, 17), со примањето на човековата природа. А во моментот на воплотувањето учествува целата Света Троица (Лк. 1, 35), со тоа давајќи смисла на човековиот живот и историја. „Од друга страна, само соединувањето на човековата природа со божествената природа во Лицето на Христос дава целосна смисла на постоењето на човечкото и го избавува од недостатокот на смисла на едно минливо постоење, подложено на смртта."[18] Воплотувањето на Синот Божји е чин на Светата Троица во потполна смисла на зборот, чин кој ја доведува заедницата помеѓу човекот и Бога на ново ниво. Пророштвата за доаѓањето на Спасителот се исполнети (Мт. 11, 4-6) и смртта веќе нема власт врз човекот (2. Тим. 1, 10; Евр. 2, 14), а со тоа се отвора нова перспектива во односот помеѓу Бога и човекот. Преку воплотувањето на Божјиот Син човековата природа станува учесник во божествената природа на Синот, без да се претопат една во друга. „Во Христос, Бог се симнува до максимален степен кај луѓето, правејќи Си од нашето човештво сопствено човештво или станувајќи негов Субјект. А човештвото е подигнато во Него до максимум во Бога, Бог Словото удостојувајќи го да биде Негово човештво."[19] Божјата кеноза не знае за половични мерки и манифестирања, туку секогаш е целосна и вистинита.[20] Ако Бог не се воплотеше земајќи вистинско човеково тело и природа, тогаш спасението на човекот и неговата заедница со Бога немаше да бидат реални и вистинити, туку привидни. Но Бог не е лага, туку вистина и живот (Јн. 14, 6). Бог ја зема човековата природа и ја воздигнува до највисокиот степен на обожување во ипостасот на Божјиот Син. Отец Станилое смета дека тоа е „највисоката чест и возвишување кои Бог му ги донесе

---

[17] „Парадоксот на љубовта се наоѓа во фактот дека личноста сака да се дарува таа самата и сепак таа не се губи, туку останува постојано како извор на нови и нови чинови на дарување и самодарување", D. Stăniloae, "Creația ca dar și tainele Bisericii", *Ortodoxia* 28(1/1976), 23.

[18] D. Stăniloae, *Chipul nemuritor al lui Dumnezeu*, București 2013, 15.

[19] D. Stăniloae, *Chipul nemuritor al lui Dumnezeu*, 336.

[20] „Токму во тоа е смислата на кенозата: да даде можност на директното учество на Божјиот Син во зацврстувањето на човековата природа за да ја направи активна средина на божествената љубов преку манифестирањето на сила и преку трпењето и надминувањето на страстите", D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. II, 74.

на човекот."[21] Значи, нема поголема чест за човекот од тоа неговата природа да биде во ипостасот на Божјиот Син, а преку Него да седи од десната страна на Отецот. Во Христос е реализиран најблискиот однос на човекот со Бога и најинтимната меѓусебна заедница. „Во Христос «Бог е со нас», е кај нас на кулминантен и дефинитивен начин, е во средината на човештвото во кое се воплоти. Поблиску до нас не може да дојде."[22] Самиот Бог е со нас во Христос и останува постојано со нас сè до крајот на светот ( Мт. 28, 20). Бог никогаш не бил толку блиску во средината на човештвото како што бил и е Господ Исус Христос. Бог не се затвора во Неговата трансцендентност, туку се отвора кон човекот и му станува многу близок. Бог е Оној кој го започнува дијалогот со човекот,[23] а на човекот му преостанува да даде одговор достоен за издигнување кон заедницата со Бога.

Човекот треба да се стреми да добие синовски однос кон Бога, ако сака да се реализира неговата заедница со Него. Кон Отецот треба да се однесува како син,[24] а син на Отецот може да стане преку соединувањето со Господ Исус Христос, Синот Божји. Кога човекот ќе се соедини со Христос, тогаш станува и син на Отецот преку благодатта на Светиот Дух. „Синот нè прави слични на Него преку Духот, за заедно со Него да се најдеме во синовски однос со Отецот."[25] Кога ќе се реализира тој синовски однос, тогаш човекот стапува во заедница со Света Троица. Самото воплотување на Божјиот Син е доброволен чин, а со тоа се докажува, според зборовите на отец Думитру Станилое, дека „на човекот Бог му ја даде најголемата вредност после Својата."[26] Обожувајќи ја човековата природа во Неговиот Божји ипостас, чове-

---

[21] D. Stăniloae, *Chipul nemuritor al lui Dumnezeu*, 604.

[22] D. Stăniloae, "Concepția ortodoxă despre tradiție și despre dezvoltarea doctrinei", *Ortodoxia* 27 (1/1975), 5.

[23] D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 61.

[24] D. Stăniloae, "Criteriile prezenței Sfîntului Duh", 109.

[25] D. Stăniloae, "Criteriile prezenței Sfîntului Duh", 110. „Тој преку воплотувањето влегува во перфектна заедница со Бог како човек и во перфектна заедница со луѓето како Бог. Во заедницата со Него секој човек е во перфектна заедница со сите троични Лица. Во заедница со Него секој човек, станат син на Отецот преку благодат, се радува на целосната љубов на Отецот на Христос, а Отецот може да Се радува на перфектната љубов на човекот Христос, станат Негов Син, љубов во која се соединува љубовта на сите кои веруваат во Него", D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 84.

[26] D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 85.

ковата природа во Христос станува најголемиот дар на Бога.[27] Односот кој се гради помеѓу човекот и Бога во Христос, е едно манифестирање на Божјата кеноза која докажува дека човекот е сроден со Бога, според она што отец Думитру Станилое го вели погоре. „Ова манифестирање на божествената сила преку кротост, смирение и љубов, покажува дека меѓу божественото и човековото нема спротивност, туку човештвото си го наоѓа совршенството во божеството."[28] Кротоста и смирението се едни од карактеристиките на Господ Исус Христос (Мт. 11, 29), а љубовта е својствена за Него како Бог (1. Јн. 4, 8).[29] Немањето на спротивност помеѓу човековото и божественото се покажува токму во самото воплотување на Божјиот Син и во обожувањето на човековата природа во Неговиот ипостас. Тој ја зема самата човекова пророда во Неговиот ипостас, „за да направи од неа фундаментална средина преку која ќе го прошири на сите луѓе обожувањето до кое таа беше возвишена."[30] Човекот се обожува и стапува во заедница со Бога преку човековата природа обожена и осветена во ипостасот на Божјиот Син. Преку човековата Христова природа соединета со божествената човекот се соединува со Христос, а преку Христос со Бог. Во Него човековата природа си ја наоѓа смислата на постоењето. „Како Бог Тој сака да реализира во Своето човештво зближување со сите луѓе, како со некои партнери еднакви со Себе, одржувајќи го личниот идентитет на секого; преку ова сака секој да го одведе до нивото за максимално човеково реализирање, со други зборови, Тој сака да го прошири планот на Бог реализиран од Него."[31] Сите христијани стануваат едно со Христос, но не го губат нивниот сопствен идентитет. Христос не ги смета луѓето туѓи за Него, туку тие се еднакви со Него преку човековата природа обожена во Неговиот Божји ипостас. Христос ги повикува сите луѓе да станат партнери со Него, за да можат во Него и преку Него да се усовршат и обожат. Луѓето се повикани да го остварат во Христос и преку Христос нивниот синовски однос кон Бога Отецот. Заедницата со Отецот

---

[27] D. Stăniloae, "Creația ca dar și tainele Bisericii", 12.

[28] D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 14.

[29] „Всушност, љубовта е презентирана од Исус како највисокото својство на Бога и како силата која ги подигнува луѓето до нивното највиско својство", D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 49-50.

[30] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 49.

[31] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 49.

и Христос се остварува во Светиот Дух.[32] Светата Троица постојано дејствува во исто време и неразделно.

Реализирањето на заедницата на човекот со Бога е можна и потребна за спасението на човекот. Таа заедница е секогаш лична и се реализира во личносниот однос меѓу луѓето и на луѓето со Бога. Способноста за заедница со Бога е навистина всадена во човековата природа уште од создавањето на човекот од страна на Бога. Во човекот се реализира заедницата со Бога, а човекот ја запазува неговата посебност во заедницата со Бога и со луѓето. „Човековото создание има еден соборно-заедничарски карактер. Тоа е засебно во заедницата и во светот, но единствено. Тоа е засебно во заедницата и во светот, но истовремено заедницата и светот се во него."[33] Човекот е создаден да живее во заедница со другите луѓе и со Бога. Тој се јавува како засебно битие меѓу другите луѓе и во светот во кој живее, но е единствено по неговата природа. Заедницата и светот се наоѓаат во човекот бидејќи тој е еден микрокосмос и е создаден да го соедини созданието во себе и да го обожи заедно со неговото обожение. Усовршувањето и обожувањето на човекот се реализираат преку човековото причестување со Божјата благодат. Тоа учество во Божјата благодат се реализира во Црквата која беше основана со слегувањето на Светиот Дух врз светите апостоли на Педесетница. Слегувањето на Светиот Дух е чинот на проширувањето на спасителното дејство на Спасителот во Неговото лично човештво на сите луѓе, тоа давање на Неговиот божествен живот на верниците ја сочинува Црквата.[34] Преку Црквата Бог го продолжува спасителното дејство до крајот на светот, останувајќи во близина на човекот и продолжувајќи ја заедницата со него. Во Црквата човекот се радува на неговиот однос со Света Троица. „Црквата е дијалогот на Бога со верниците преку Христос во Светиот Дух."[35] Во Црквата се остварува односот на човекот со Бога преку дијалогот кој има место помеѓу него и Бог Света Троица. Од една страна Бог е Оној Кој дијалогира со човекот во Црквата која е тело Христово, а од друга страна човекот, преку благодатта на Светиот Дух, ја зацврстува неговата заедница со Бог. Црквата е заедница каде што Светата Троица му

[32] „Во Светиот Дух се чувствуваат оние кои веруваат во Христос соединети со Него и со Неговиот Отец", D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 46.

[33] D. Stăniloae, "Chipul lui Dumnezeu și responsabilitatea lui în lume", 348.

[34] Види D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. II, 202.

[35] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 50.

ја нуди на човекот нејзината вечна заедница која ќе биде целосна во Божјото царство.[36] Човекот ја има способноста слободно да ја прифати таа заедница и да се стреми да стане достоен и совршен (Мт. 5, 48) за вечниот живот со Света Троица. Очистувајќи се од гревот и страстите, човекот ја добива вистинската слобода[37] да биде во заедница со Бога и со чисто срце да Го види Бога (Мт. 5, 8; 1. Јн. 3, 2, 3).

Во Црквата човекот ја прима Божјата благодат која му дава сили да се бори со искушенијата и да се усовршува и осветува постојано. Божјата благодат е неопходна за духовниот раст на човекот и напредувањето во љубовта кон Бог и ближните. „Ние сме повикани да растеме во совршена љубов меѓу нас и кон Бога, преку божествените несоздадени енергии, кои го претставуваат единството на Божјото битие донесено меѓу нас, и зголемувајќи го единството на нашето човеково битие."[38] Значи, Божјата благодат го претставува единството на Бога, односно сите три Лица на Света Троица делуваат во исто време. Преку Божјото единство се развива и човековото единство помеѓу луѓето, по примерот на Света Троица, единство слично на троичното. Во Црквата, Божјата благодат станува достапна за верниците преку светите Тајни кои се извршуваат во неа. Преку благодатта на светите Тајни се реализира соединувањето со Бога. „Целта на светите Тајни е онаа да се реализира соединувањето на човекот со Бог уште од овој живот, за негово добро."[39] Светите Тајни се директното дејство на Бога во животот на човекот, преку нив човекот ја чувствува Божјата благодат и промислата за неговото спасение. Тие се доказ на невидливото Божјо делување во животот на верниците. „Во едно поспецијално значење, Тајните се невидливите работи на Христос извршени преку видливи

---

[36] „Вечната заедница по која жеднееме си го има потеклото и исполнувањето во вечната едносуштност на троичните Божји Лица", D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 85.

[37] „Ако само односот за заедница е еден однос во слобода, толку повеќе само односот за заедница со Христос нè прави вистински слободни, имајќи ја силата да нè искорени целосно од ропството на гревот, да го надмине во нас егоизмот на гревот. Заедницата со Него е послатка од секое задоволство на гревот", D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos*, 158.

[38] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. I, 303.

[39] M. Burlacu, "Gândirea Părintelui Dumitru Stăniloae privind experianța lui Dumnezeu în Sfintele Taine", во N. R. Stan - L. Dindirică (coordonatori), *Părintele Profesor Dumitru Stăniloae sau consonanța dintre dogmă, spiritualitate și Liturghie*, Craiova 2015, 491.

дејства, преку кои се основа Црквата и кои се извршуваат во Црквата. Христос и Света Троица не се познаваат во Нивната ефикасност освен преку Црквата, но, од друга страна, се познати како Тајни, бидејќи се познати во сетилната реалност на Црквата.“[40] Во извршувањето светите Тајни на видлив начин се вознесувват молитви и се благословува созданието, но на невидлив начин дејствува Божјата благодат која го осветува она што е принесено од човекот. Светите Тајни се извршуваат само во Црквата и црковната заедница, никогаш не се извршуваат надвор од Црквата бидејќи Бог е присутен во неа и дејствува во неа. Тајните се тесно поврзани со Бог, а особено со Христос чие тело е Црквата и со Светиот Дух во Кој Тајните се извршуваат.

Евхаристијата е светата Тајна во која човекот се соединува со Христос и претставува една од Тајните преку кои се наоѓа во непосредна заедница со Бога. Човекот кој се причестува со телото и крвта Христови станува едно со Христос, а преку тоа го добива синовскиот однос кон Бог Отецот. „Се создава меѓу Христос и оние што се причестуваат од Неговите тело и крв едно соединување слично како меѓу Него и Отецот. Отецот ја има истата суштина со Синот и сепак не се меша како Личност, може да се каже дека Отецот ги доживува работите живеени од Својот Син како Бог или како човек во Неговото тело, но не се меша со Него.“[41] Човекот се соединува со Христос, но не се меша со Него, ја зачувува својата засебност како човек. Христос се соединува со човекот кој се причестил со Него, го осветува и обожува преку човековата природа во Неговиот ипостас, но не се меша со него и го запазува Неговото божество. Во Христос и преку Христос човекот се причестува од заедницата на Света Троица, остварува однос како личност со личност. „Божјото како Личност се соединува со човековото, се филтрира преку човековото, се прави чувствувано како партнер на дијалогот со нас преку човековото.“[42] Во соединувањето меѓу човекот и Христос, Бог почнува да делува преку споделената благодат во човекот и да го осветува неговиот живот. Христос и човекот соработуваат заедно во растот на заедницата, тие стануваат партнери, како што вели отец Думитру Станилое. За да може да се реализира заедницата помеѓу човекот и Бог, потребно е да постои искрено и целосно меѓу-

[40] D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. III, București 2010, 14.

[41] D. Stăniloae, *Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos,* 101.

[42] D. Stăniloae, ”Chipul lui Hristos în Biserica răsăriteană: Iisus Hristos, Darul și Cuvîntul suprem al lui Dumnezeu”, *Ortodoxia* 25 (1/1973), 10.

себно дарување. „Во Христос колку Бог толку и човекот се нудат на најдарежлив начин како дар и слово над секој дар и слово на сите нас. Во причестувањето од овој дар можеме да се сретнеме сите до максимум."[43] Причестувајќи нè со Христос, ние христијаните стануваме едно со Него, но и едно помеѓу нас во Христос. Ние се даруваме целосно и искрено на Христос, а Тој исто така ни се дарува нам целосно во Евхаристијата. Интимноста која се создава во оваа заедница со Христос е карактеристична за личности кои се познаваат многу добро.[44] Човекот станува подобродетелен и неговиот живот станува Христов живот (Гал. 2, 20), станува подобен на Бога.[45] „Светоста е совршено конкретизирање на односот меѓу човековото битие и Бога и меѓу нас самите, како една имитација на највисоката суптилност помеѓу лицата на Света Троица, како причестување од неа."[46] Достигнувањето на светоста од страна на човекот е уподобување со Божјата светост (3. Мој. 19, 2; 1. Птр. 1, 15). Преку неа се конкретизира заедницата и односот меѓу човекот и Бог, како подражавање на заедницата на Света Троица. Човекот ќе ја доживее совршената Евхаристија, заедницата и соединувањето со Бог Света Троица во идниот живот.[47]

Она што го напишавме погоре е само краток дел од она што отец Д. Станилое има да го каже за заедницата на човекот и Бог. Во теолошките текстови на отец Д. Станилое јасно може да се види неговото аргументирање со цитати од Светото писмо и светите отци, како и обидот да го објасни соединувањето на човекот со Бога и заедницата со Него. Теолошкото мислење на отец Д. Станилое не се разликува од учењето на Црквата и светите отци. Тој зборува за сродноста на човекот со Бог и неговата способност за заедница со Него, преку Божјиот лик во човекот. Јасно кажува дека за реализирање на меѓусебната за-

[43] D. Stăniloae, "Chipul lui Hristos în Biserica răsăriteană: Iisus Hristos...", 13.

[44] „Целосната заедница се реализира само меѓу личности кои се и се прават привидни како чисти субјекти. Колку повеќе се и се гледаат како субјекти, толку повеќе односите меѓу нив се од поголема и послободна комуникативност и заедница, од поакцентуирана внатрешност и свесно меѓусебно проникнување, реализирајќи една поголема интерсубјективност", D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă,* Vol. I, 312-313.

[45] „А добродетелите претставуваат истовремено развивање на новиот живот во Христос и наше усовршување според Неговото подобие", D. Stăniloae, *Teologia Dogmatică Ortodoxă*, Vol. III, 47.

[46] D. Stăniloae, "Dumnezeu este lumină", *Ortodoxia* 26 (1/1974), 93-94.

[47] D. Stăniloae, "Creaţia ca dar şi tainele Bisericii", 27-28.

едница и двете страни треба да бидат активни, Бог и човекот, и дека човекот е повикан да реализира во својот живот една заедница слична на троичната. Заедницата со Бог Света Троица човекот ја започнува и реализира во Христос и преку Христос, Кој ни ја први достапна заедницата со Света Троица. Во Христос го стекнуваме синовскиот однос кој е потребен за заедница со Бог Отецот. За отец Д. Станилое, во Црквата се реализира дијалогот на Бога со верниците и се соединува со Бога преку благодатта на светите Тајни. Мислењето на отец Д. Станилое е продлабочување на учењето на светите отци, но и дијалог кој отец Д. Станилое го води со нив. Заедницата со Бог е можна и вистинита, а на човекот му преостанува само да ја прифати и својот живот да го усоврши за да се уподоби на совршениот Бог Света Троица.